РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА
Бр. 2105-111/2
12.06 2024 год.
ШТИП

Дисциплинската комисија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, составена од претседателот проф. д-р Драшко Атанасоски и членовите проф. д-р Александра Жежова и Ружица Николова по спроведената постапка против студентот Блаже Попов, а врз основа на член 405 и член 409 од Статутот на Универзитетот, на одржаната јавна расправа на ден 12.06.2024 година, ја донесе следнава:

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА

Студентот **Блаже Попов** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со бр. на индекс 177052 **Е ВИНОВЕН,** затоа што сторил лесна дисциплинска повреда – непристојно однесување спрема наставници, соработници и други вработени на универзитетот, со што ги повредил студентските обврските од член 404 од Статутот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип поради што му се изрекува мерката: ***ЈАВНА ОПОМЕНА.***

## О б р а з л о ж е н и е

По Барање на деканот на Факултетот бр.2103-100/1 од 28.05.2024 година е поведена дисциплинска постапка против студентот Блаже Попов поради тоа што сторил лесна дисциплинска повреда – непристојно однесување спрема наставници, соработници и други вработени на универзитетот, со што ги повредил студентските обврските од член 404 од Статутот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

На јавната расправа одржана на ден 12.06.2024 година е утврдено дека студентот сторил повредата на студентските обврски, поради што му е изречена наведената мерка. При одлучувањето за видот на мерката, Дисциплинската комисија ги имаше предвид олеснителните и отежнувачките околности за студентот кој го сторил делото смислено и испланирано. Врз основа на наведеното се одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука студентот има право да поднесе приговор до Наставно-научнииот совет на Факултетот во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот.

Претседател
на дисциплинската комисија
Проф. д-р Драшко Атанасоски

Доставено до:
– подносителот на барањето;
– студентот;
– архивата;
- архива за студентски досиеја за прв циклус студии

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ... ШТИП